Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, дава

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: 25-01-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Предлог: | Вредност: |
| 0905 | 357/1 | | |


**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медицинска физика“ на Медицински факултет - Скопје и Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Медицинска физика“ на Медицински факултет - Скопје и Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Медицинска физика“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет - Скопје и Природно – математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.08-512/7 од 24.11.2023 година, од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Медицински факултет – Скопје се обрати со Барање бр.0905-385/5 од 18.12.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1547/1 од 18.12.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Медицинска физика“ на Медицински факултет - Скопје и Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, единици во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1547/2 од 19.12.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 20.12.2023 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-1547/3 од 22.12.2023 година, во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Медицинска физика“ на Медицински факултет - Скопје и Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Законот за високото образование* („Службен весник на

Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-234/3**
**16 јануари 2024 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата